**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Верзија 3.0

# НАЧИН НА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПОРАКИ ВО МИПС

# **БРОЈ 1**

# **Пренесување на пораки преку SWIFT мрежата**

Јуни 2008 година

## Пренесување на пораки преку SWIFT мрежата

Учесникот кој за поврзување во Македонски Интербанкарски Платен Систем (МИПС) на Народна банка на Република Македонија, го користи овој начин на пренесување на пораки треба да биде зачленет во SWIFT и да биде поврзан на SWIFT телекомуникациската мрежа преку постојана врска.

Учесникот треба да:

- го наведе логичкиот терминал со кој ќе учествува во МИПС;
- приложи доказ за приклучување на SWIFT со постојана врска;
- размени SWIFT клучеви за авторизација (т.н. SWIFT Authentication Key) со BIC кодот на Народна банка на Република Македонија за МИПС;
- се регистрира во Message User Group за порака MT102. BIC кодот за МИПС е NBRMMK2A.

Со одбирањето на овој начин на пренесување на пораки, учесникот се согласува дека:

- сите пораки кои ќе пристигнат преку SWIFT од неговиот логички терминал во МИПС се валидни;
- сите пораки кои ќе ги примат неговите логички терминали од адресата на МИПС преку SWIFT ќе ги процесира како валидни, согласно со Стандардот за намената и форматот на пораките во МИПС.